# Министерство за животна средина и просторно планирање

## Легислтатива за управивање со средства за ладење

Емилија Купева

## Закон за животна средина

## Член 21

Забрана на производството, прометот и употребата на одделни производи, полупроизводи, суровини, супстанции и вршењето на одделни активности и услуги заради заштита на животната средина Министерот кој раководи со органот на државната управа надлежен за работите од областа на животната средина, во согласност со министерот кој раководи со органот на државната управа надлежен за работите од областа на економијата, министерот кој раководи со органот на државната управа надлежен за работите од областа на здравството и министерот кој раководи со органот на државната управа надлежен за работите од областа на земјоделството, шумарството и водостопанството ќе го забрани производството, прометот и употребата на одделни производи, полупроизводи, суровини, супстанции и вршењето на одделни активности и услуги, на определено или на неопределено време, доколку постојат доволно докази дека со нив се загрозува животот и здравјето на луѓето и животната средина и/или не се исполнуваат пропишаните стандарди

**Закон за животна средина**
**Член 22 став 1**
**Ограничување и контрола на извозот и увозот на одделни супстанции и производи**

Заради заштита на животот и здравјето на луѓето и на животната средина, министерот кој раководи со органот на државната управа надлежен за работите од областа на животната средина во согласност со министерот кој раководи со органот на државната управа надлежен за работите од областа на економијата, министерот кој раководи со органот на државната управа надлежен за работите од областа на земјоделството, шумарството и водостопанството и министерот кој раководи со органот на државната управа надлежен за работите од областа на здравството, го ограничува или забранува увозот и извозот на опасните супстанции, штетните материи и производи во/од/низ Република Македонија.

- **Наредба за забрана на производството и прометот на супстанциите што ја осиромашуваат озонската обвивка како и производство и промет на производи што содржат супстанции што ја осиромашуваат озонската обвивка**

  **“Службен Весник на Република Македонија” бр. 92/10**

- **Наредба за ограничување на увозот на супстанциите кои ја осиромашуваат озонската обвивка**

  **“Службен Весник на Република Македонија” бр. 92/10, 150/12**

- **Правилник за супстанции кои ја осиромашуваат озонската обвивка како и произовди кои содржат супстанции кои ја осиромашуваат озонската обвивка**

  **“Службен Весник на Република Македонија” бр. 85/13**

- **Наредба за забрана на увозот и извозот на производи што содржат хлорофлуоројаглеводори (HCFC)**
  **“Службен Весник на Република Македонија” бр. 92/10**

- **Наредба за забрана на прометот на средствата за ладење во цилиндри за еднократна употреба**
  **“Службен Весник на Република Македонија” бр. 140/13**

**Закон за животна средина**
**Постапување со супстанции кои ја осиромашуваат озонската обвивка**
**Член 22-а**

- Правното лице односно трговец поединец кое врши увоз и/или извоз на супстанции што ја осиромашуваат озонската обвивка и/или на производи кои содржат супстанции кои ја осиромашуваат озонската обвивка треба да поседува дозвола за увоз и/или извоз на супстанции што ја осиромашуваат озонската обвивка и/или на производи кои содржат супстанции кои ја осиромашуваат озонската обвивка, која ја издава органот на државната управа надлежен за работите од областа на животната средина.

- Правното лице односно трговец поединец од кое врши увоз и/или извоз на супстанции што ја осиромашуваат озонската обвивка и/или на производи кои содржат супстанции кои ја осиромашуваат озонската обвивка еднаш годишно, најдоцна до 1 март во тековната година, доставува извештај за претходната година за увезените и/или извезените супстанции што ја осиромашуваат озонската обвивка и/или производи кои содржат супстанции што ја осиромашуваат озонската обвивка до органот на државната управа надлежен за работите од областа на животната средина.

**Правилник за формата и содржината и начинот на доставување на извештајот за увезени и/или извезени супстанциите кои ја осиромашуваат озонската обвивка, како и за производите кои содржат супстанции кои ја осиромашуваат озонската обвивка („Службен Весник на Република Македонија“ бр. 85/13, 11/15)**

| | |
|---|---|
| Година за која се известува: | |
| Назив и седиште на правното лице: | |
| | |
| Назив на супстанција/производ кој содржи супстанции што ја осиромашуваат озонската обвивка | |
| Количина на увезени супстанции и/или производи кои содржат супстанции кои се увезени на територијата на Република Македонија | |
| Количина на увезени супстанции и/или производи кои содржат супстанции кои се ставени во промет територијата на Република Македонија | |
| Количина на складирани залихи на супстанции што ја осиромашуваат озонската обвивка/производи кои содржат супстанции што ја осиромашуваат озонската обвивка | |
| Цел на увозот | |
| Крајни корисници на увезените супстанции што ја осиромашуваат озонската обвивка | |
| Извозник / земја на извоз | |
| Место и датум | МП |
| Одговорно лице | Потпис |

# Легислатива во сила

## Правилник за формата и содржината и начинот на доставување на извештајот за увезени и/или извезени супстанциите кои ја осиромашуваат озонската обвивка, како и за производите кои содржат супстанции кои ја осиромашуваат озонската обвивка („Службен Весник на Република Македонија“ бр. 85/13, 11/15)

| | |
|---|---|
| Година за која се известува: | |
| Назив и седиште на правното лице: | |
| | |
| Назив на супстанција/производ кој содржи супстанции што ја осиромашуваат озонската обвивка | |
| Количина на извезени супстанции и/или производи кои содржат супстанции | |
| Цел на извозот | |
| Увозник / земја на увоз | |
| Место и датум | МП |
| Одговорно лице | Потпис |

# Закон за животна средина

## XX Надзор

## Делокруг на надзор на државниот инспектор

## Член 198 став 1 точка 4-а)

Во вршењето надзор од својот делокруг, државниот инспектор **има право да утврди дали правното лице односно трговец поединец кое врши увоз и/или извоз на супстанции што ја осиромашуваат озонската обвивка и/или производи кои содржат супстанции што ја осиромашуваат озонската обвивка известува за увезените и/или извезените супстанции што ја осиромашуваат озонската обвивка и/или производи кои содржат супстанции што ја осиромашуваат озонската обвивка како и да утврди дали истите постапуваат согласно со прописот донесен врз основа членот 22-а од овој закон.**

**Закон за животна средина**

**XXII Прекршочни одредби**

**Прекршоци од II категорија**

**Член 212-е став 1 точка** 4)

Глоба во износ од **6.000 евра** во денарска противвредност ќе се изрече на правното лице односно трговец поединец за прекршок **доколку не известува за увезените и/или извезените супстанции што ја осиромашуваат озонската обвивка и/или производи кои содржат супстанции што ја осиромашуваат озонската обвивка и/или со супстанциите и/или производите кои ја осиромашуваат озонската обвивка не постапува согласно со членот 22-а од Законот за животна средина**

## Закон за животна средина

## Лиценца за постапување со средства за ладење и/или производи кои содржат средства за ладење

## Член 22-б

(1) Со средствата за ладење и/или со производи кои содржат средства за ладење треба да се постапува на начин со кој се спречува ослободување на опасни супстанции штетни по животната средина и се обезбедува нивно редовно одржување и спречување на истекувањата.

(2) Со средства за ладење и/или со производи кои содржат средства за ладење може да постапува лице кои поседува лиценца за постапување со средства за ладење и/или производи кои содржат средства за ладење.

(3) Лиценцата ја издава органот на државната управа надлежен за работите од областа на животната средина за временски период од пет години, со можност за продолжување од по пет години.

**Закон за животна средина**

**Лиценца за постапување со средства за ладење и/или производи кои содржат средства за ладење**

**Член 22-б**

(7) Лиценца може да добие правно лице или трговец поединец

(8) Правно лице, односно трговец поединец, може да се стекне со лиценца во рок од 60 дена од денот на поднесување на барањето доколку ги исполнува следниве услови:

- има простор и опрема за постапување со средства за ладење и/или производи кои содржат средства за ладење,
- има вработено најмалку едно лице кое има уверение за положен стручен испит за постапување со средства за ладење и/или производи кои содржат средства за ладење, и
- регистрирано е во Централниот регистар на Република Македонија.

# Закон за животна средина

## Лиценца за постапување со средства за ладење и/или производи кои содржат средства за ладење

## Член 22-б

(11) Правното лице односно трговец поединец кое постапува со средства за ладење и/или со производи кои содржат средства за ладење е должно до органот на државната управа надлежен за вршење на работите од областа на животната средина, најдоцна до 1 март во тековната година, да доставува извештај за претходната година за видовите и количините на собраните, обновените и рециклираните средства за ладење со кои постапувал

## Правилник за формата, содржината и начинот на доставување на извештајот за видовите и количините на собраните, обновените и рециклираните средства за ладење („Службен Весник на Република Македонија“ бр. 1/15)

Извештајот за видовите и количините на собраните, обновените и рециклираните средства за ладење треба да содржи:

- година за кој се известува;
- назив и седиште на правното лице/име и презиме на физичкото лице;
- назив на средства за ладење што се собираат;
- количини на собрани средства за ладење изразена во килограми;
- количини на обновени средства за ладење изразена во килограми;
- количини на рециклирани средства за ладење изразена во килограми;
- количини на создаден отпад изразена во килограми;
- место за печат;
- место и датум и
- одговорно лице и потпис

**Правилник за формата, содржината и начинот на доставување на извештајот за за видовите и количините на собраните, обновените и рециклираните средства за ладење “Службен Весник на Република Македонија” бр. 1/15**

| Година за која се известува: | | | | |
|---|---|---|---|---|
| Назив и седиште на правното/име и презиме на физичкото лице: | | | | |
| | | | | |
| Назив на средства за ладење што се собираат | Количини на собрани средства за ладење (кг) | Количини на обновени средства за ладење (кг) | Количини на рециклирани средства за ладење (кг) | Количини на создаден отпад (кг) |
| | | | | |
| | | | | |
| | | | | |
| | | | | |
| | | | | |
| | | | | |
| | | | | |
| | | | | |
| | | | | |
| Место и датум | | МП | | |
| Одговорно лице | | Потпис | | |

## Закон за животна средина

## XX Надзор

## Делокруг на надзор на државниот инспектор

## Член 198 став 1 точка 4-б) и 4-в)

4-б) Во вршењето надзор од својот делокруг, државниот инспектор има право **да утврди дали правното лице односно трговец поединец кое постапува со средства за ладење и/или кои содржат средства за ладење поседува лиценца согласно со членот 22-б од Законот за животна средина;**

4-в) Во вршењето надзор од својот делокруг, државниот инспектор има право **да утврди дали правното лице односно трговец поединец кое постапува со средства за ладење и/или со производи кои содржат средства за ладење доставил извештај за видовите и количините на собраните, обновените и рециклираните средства за ладење со кои постапувал согласно со членот 22-б од Законот за животна средина.**

# Закон за животна средина

## XX Надзор

## Донесување на решенија од државниот инспектор

## Член 200 став 1 точка 7-б) и 7-в)

7-б) При вршењето на инспекцискиот надзор, државниот инспектор со решение **ќе ја забрани работата на правни и физички лица кои постапуваат со средства за ладење и/или со производи кои содржат средства за ладење без соодветна лиценца согласно со член 22-б од Законот за животна средина;**

7-в) При вршењето на инспекцискиот надзор, државниот инспектор со решение **ќе утврди дали физичкото и правното лице кое постапува со средства за ладење и/или со производи кои содржат средства за ладење до органот на државната управа надлежен за вршење на работите од областа на животната средина, доставил извештај за претходната година за видовите и количините на собраните, обновените и рециклираните средства за ладење со кои постапувал согласно со членот 22-б од Законот за животна средина.**

## Закон за животна средина

## XXII Прекршочни одредби

## Прекршоци од I категорија

## Член 212-ѓ став 1 точка 2 и 3)

2) Глоба во износ од **3.000 евра** во денарска противвредност ќе се изрече за прекршок на правното лице односно трговец поединец **доколку постапува со средства за ладење и/или производи кои содржат средства за ладење без добиена лиценца согласно со членот 22-б од Законот за животна средина**;

3) Глоба во износ од **3.000 евра** во денарска противвредност ќе се изрече за прекршок на правното лице односно трговец поединец **доколку физичкото и правното лице кое постапува со средства за ладење и/или со производи кои содржат средства за ладење до органот на државната управа надлежен за вршење на работите од областа на животната средина, не достави извештај за видовите и количините на собраните, обновените и рециклираните средства за ладење со кои постапувал согласно со членот 22-б од од Законот за животна средина.**

# Легислатива во сила

## Правилник за начинот на собирање, обновување и рециклирање на супстанциите што ја осиромашуваат озонската обвивка
## „ Службен Весник на Република Македонија“ бр. 85/13

- Собирањето, обновувањето и рециклирањето на супстанциите што ја осиромашуваат озонската обвивка може да се врши во истите простории каде се наоѓа опремата од која се собира, обновува и рециклира супстанцијата или пак во посебно одвоен простор наменет за собирање, обновување и рециклирање на супстанциите.

- Просторот во кој се врши собирање, обновување и рециклирање на супстанциите што ја осиромашуваат озонската обвивка треба да има посебно определено:

- место за собирање, обновување и рециклирање на супстанции,
- место за складирање на собрани  супстанции,
- место за чување/сместување на рециклирани супстанции и,
- место за складирање на отпад од рециклирање на супстанции.

- Посебно определениот простор не смее да се користи за други цели и треба да биде обезбеден со право на посебен пристап.

**Легислатива во сила**
**Правилник за начинот на собирање, обновување и рециклирање на супстанциите што ја осиромашуваат озонската обвивка**
**“Службен Весник на Република Македонија” бр. 85/13**

Сите лица што поседуваат опрема која содржи супстанции превземаат превентивни мерки заради минимизирање на истекувањата на супстанциите со проверување на истекувањата најмалку еднаш годишно зависно од количината на супстанцијата во опремата, и нивно собирање, обновување и рециклирање.

## Правилник за начинот на собирање, обновување и рециклирање на супстанциите што ја осиромашуваат озонската обвивка

(1) Превентивните мерки се преземаат со цел минимизирање на истекувањата на супстанции, кои вклучуваат:

- проверка на опремата која содржи супстанции во количина од 3 или повеќе кг еднаш годишно;
- проверка на опремата која содржи супстанции во количина од 30 или повеќе кг на секои шест месеци;
- проверка на опрема која содржи супстанции во количина од 300 или повеќе кг на секои три месеци;
- санирање на секое откриено истекување колку што е можно побрзо, а најкасно во рок од 14 денови;
- проверка на опремата од истекувања во рок од 1 месец по санирањето на истекувањето за да се осигура дека поправката има ефект;
- евиденција на проверките на истекувањата од опремата;
- означување на опремата.

# Правилник за начинот на собирање, обновување и рециклирање на супстанциите што ја осиромашуваат озонската обвивка

Евиденцијата се води во евидентна книшка. Формата и содржината на евидентната книшка е дадена во Прилог 1 кој е составен дел на овој Правилник. Табела 1 и 2 од Прилог 1 ја пополнува лицето што поседува опрема.

Табела 1. Податоци за правното/физичкото лице (поседувач на опремата)

| | |
|---|---|
| Име на правното/физичкото лице: | |
| Адреса: | |
| Лице за контакт: | |
| Телефон/факс/мобилен: | |
| E-mail: | |

Табела 2. Податоци за опремата

| | | |
|---|---|---|
| **Бр.** | | |
| Намена | Ладење □ | Климатизација □ |
| Производител на опремата | | |
| Година на производство | | |
| Вид на ладилно средство | | |
| Ладилен капацитет (kW) | | |
| Тип на компресор | Херметички □ | Нехерметички □ |
| Инсталирана електрична моќност на компресорот (kW) | | |
| Полнење со ладилно средство (кг) | | |
| **Внимание!**<br>Само обучено лице може да интервенира во ладилниот круг. | | |

**Правилник за начинот на собирање, обновување и рециклирање на супстанциите што ја осиромашуваат озонската обвивка**

Евиденцијата се води во евидентна книшка. Формата и содржината на евидентната книшка е дадена во Прилог 1 кој е составен дел на овој Правилник. Табела 3 од Прилог 1 ја пополнува правното лице кое собира, обновува и рециклира супстанции.

Табела 3. Податоци за контрола на опремата

| Датум | Опис на извршената проверка/собирање, рециклирање | Дополнување со ладилно средство (кг) | Овластен сервисер Бр. на Уверение Фирма/печат/потпис | Инспектор Име/потпис |
|---|---|---|---|---|
| | | | | |
| | | | | |
| | | | | |
| | | | | |